Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
Средно училиште на Град Скопје
Shkolla e mesme e Qytetit te Shkupit
ШАИП ЈУСУФ / SHAIP JUSUF
Бр./Nr. 08-62/26
31.08 2020 год./viti
Скопје / Shkup

**ПРОТОКОЛ ЗА ПОСТАПУВАЊЕ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРАКТИЧНА НАСТАВА СО ФИЗИЧКО ПРИСУСТВО ВО СУГС ШАИП ЈУСУФ –СКОПЈЕ ЗА УЧЕБНАТА 2020/2021 ГОДИНА**

1.Практичната настава за 2020/2021 година ќе се реализира во текот на учебната година со физичко присуство на учениците зависно од реалните услови.

2.Практичната настава ќе се реализира според точно утврден распоред распоред на часови од училиштето.

3. На секој ученик при влез во училиштето ќе им се мери телесна температура, и истиот мора да носи своја маска и ракавици, да изврши дезинфекција на раце и обувки пред влез и излез во училиштето.

4. Практичната настава за образовниот профил медицинска сестра ќе се реализира во кабинетот за практична настава по медицина, практичната настава за образовниот профил градежен техничар ќе се реализира во кабинетот по градежни предмети, практичната настава за образовниот профил келнер ќе се реализира во кабинетот за практична настава по угостителство, и практичната настава за образовниот профил фризер ќе се реализира во кабинетот за практична настава по фризерство.

5. Учениците за изведувањето на практичната настава со физичко присуство задолжително ќе бидат поделени во 2 до 3 групи, во зависнот од бројот на учениците во паралелката, согласно упатството и протоколите од Министерството за образование и наука, за реализација на практична настава со физичко присуство.

6. При изведувањето на практичната настава учениците задолжително користат заштитна маска/прекривка на носот и устата, како и заштитна опрема ракавици, мантил и др.

7. Најстрого се забрануваат сите физички контакти како што се поздравување со рака, гушкање и бакнување, меѓу учениците кои реализираат пратична настава.

8. Забранета е работа во групи. Реализацијата на обврските од практичната настава, ученикот ќе ги изведува индивидуално на растојание од 1,5 до 2 метри.

9. Забранет е влез за ученици од други паралелки, во просторијата каде што се изведува практичната настава.

10. По завршувањето на практичната настава, секој ученик е должен да направи дезинфекција на priborот и опремата со кој што работеле, да направи дезинфекција на рацете и обувките, а доколку користел ракавици, истите внимателно да ги фрли во корпата за отпадоци која е посебно означена за фрлање на медицински отпад.

| Претседател на Училишен одбор | | В.д Директор |
|---|---|---|
| Мерсиха Мемеди | М.П | М-р Доан Сулејманоски |